РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Бр. 02-563/18
22-6 2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 179, став 3, алинеја 1 од Статутот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), Универзитетската изборна комисија за избор на ректор на Универзитетот на 22.6.2020 година го донесе следново

**РЕШЕНИЕ**

**I.**

Приговорот на проф. д-р Петар Атанасов, бр. 02-563/17 од 18.06.2020 година **СЕ УСВОЈУВА.**

**II.**

Листата на кандидати за ректор бр. 02-563/16 од 16.06.2020 година **СЕ ПОНИШТУВА** и **СЕ ДОНЕСУВА СЛЕДНАВА**

**КОНЕЧНА ЛИСТА НА КАНДИДАТИ ЗА РЕКТОР**
На Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
За мандатниот период 15 септември 2020 – 15 септември 2023 година

*(по азбучен ред на презимето на кандидатот)*

1. Атанасов, проф. д-р Петар, од Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје
2. Ацевски, проф. д-р Јане, од Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и еноинжинер „Ханс Ем“
3. Василевски, проф. д-р Коле, од Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и еноинжинер „Ханс Ем“
4. Димитриевски, проф. д-р Драги, од Факултетот за земјоделслки науки и храна во Скопје
5. Димитров, проф. д-р Александар, од Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје
6. Живковиќ, проф. д-р Вујица, од Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје
7. Јанкуловски, проф. д-р Никола, од Медицинскиот факултет во Скопје.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Ректорската управа на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје објави јавен оглас за избор на ректор за мандатниот период 15.9.2020 – 15.9.2023 година. Огласот е објавен во дневните весници Нова Македонија и Коха на 30 мај 2020 година.

Согласно условите во огласот документацијата треба да се достави во материјална (хартиена) форма и во електронска форма.

Универзитетската изборна комисија за избор на ректор, наредниот ден по истекот на рокот за поднесување пријави со документација, односно на 16 јуни 2020 година утврди дека сите пријавени доставиле уредна документација во хартиена форма.

При проверка и споредба на идентичноста на хартиените документи и оние испратени во електронска форма, Универзитетската изборна комисија констатира дека кај пријавените кандидати: Ацевски, проф. д-р Јане, од Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и еноинжинер „Ханс Ем", Василевски, проф. д-р Коле, од Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и еноинжинер „Ханс Ем", Димитриевски, проф. д-р Драги, од Факултетот за земјоделслки науки и храна во Скопје, Димитров, проф. д-р Александар, од Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, Живковиќ, проф. д-р Вујица, од Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје и Јанкуловски, проф. д-р Никола, од Медицинскиот факултет во Скопје постои идентичност помеѓу документите доставени во хартиена форма и електронски доставените документи.

При проверката на документите доставени во електронска форма од страна на проф. д-р Петар Атанасов, Универзитетската изборна комисија констатира дека документите во електронска форма се навреме доставени, но дека еден од документите (Програмата за работа) иако навреме доставена по електронски пат е заштитена со лозинка, којашто подносителот на пријавата навремено не го доставил до комисијата (ниту на 8 јуни заедно со сите документи, ниту при повторната пријава на 15 јуни), иако бил известен дека Универзитетската изборна комисија продолжува со работење по новоусвоен Роковник за работа.

Поради неможноста Универзитетската изборна комисија да ја спореди содржината на Програмата за работа доставена во хартиена форма и документот со ист назив доставен во електронска форма, на седницата на 16 јуни констатира дека не може да утврди идентичност на електронскиот документ со назив Програма за работа и оној доставен во електронска форма поради пропуст на подносителот на документите навреме да ја достави и лозинката за пристап до документот, и констатира дека проф. Атанасов нема поднесено комплетна документација.

Во оваа смисла, Универзитетската изборна комисија на денот на утврдување на уредноста на пријавите не беше во можност да утврди за каков документ се работи, односно дали документација доставена по електронски пат соодветствува со документацијата која се бара со огласот, па утврди Листа на кандидати за ректор 02-563/16 од 16.06.2020 година, на која се набележани кандидатите со уредна документација, додека проф.д-р Петар Атанасов не беше на листата поради неможноста на комисијата да пристапи до електронски поднесената Програма за работа.

Согласно правната поука дека незадоволните кандидати имаат право да поднесат приговор на утврдената Листа на кандидати за ректор, рокот за приговор беше до 19 јуни 2020 година до 16 часот.

Проф. д-р Петар Атанасов, воочувајќи го сопствениот пропуст со ненавремено доставување на лозинката за пристап до Програмта за работа, поднесе навремен приговор на утврдената Листа ка кандидати за ректор. Со приговорот ја достави и лозинката за заштитениот документ.

Одлучувајќи по приговорот, Комисијата со помош на лозинката утврди дека навреме доставениот документ во електронска форма е Програма за работа на проф. д-р Петар Атанасов, дека тој во целост кореспондира со Програмата за работа доставена во хартиена форма, поради што одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Универзитетската изборна комисија**
**Претседател**

**Проф. д-р Пламен Тројачанец**

**Правна поука:** Ова решение е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот.

Доставено до:
-проф. д-р Петар Атанасов
-кандидатите за ректор
-деканите и директорите на единиците
-изборните комисии на единиицте